ООУ Ѓорѓија Пулевски

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА

# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**,,ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ,,** АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

**за учебната 2019 / 2020 година**



Дата: август 2019 година
Аеродром, Скопје

# I. Вовед

Годишната програма за работа на ООУ„Ѓорѓија Пулевски“ претставува главен документ со кој се планираат сите педагошки активности, се одредуваат задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејности на педагошките субјекти во училиштето и во непосредната локална заедница. На тој начин се обезбедува перманентно подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности и услови со кои се придонесува за целокупниот развој на учениците и севкупниот училишен живот. Програмата за работа на училиштето за учебната 2019/2020 год. е документ во кој е испланирана работата на училиштето во сите области на работење и во нејзиното изготвување учествуваа сите наставници, стручната служба, директорот и административниот кадар.Планирајќи ја работата на училиштето ги користевме сите документи врз кои се заснива нашата работа и тоа: Законот за основно образование, Под-законски и интерни акти, Наставните планови и програми, Статут на училиштето, Програма за развој на училиштето, Програмата и извештајот за работа на училиштето од претходната година.

Во текот на учебната 2018/2019 год. наставата се одвиваше со примена на ИКТ, но со потешкотии поради малиот број на исправни компјутери. Изминатата учебна година задоволни сме од продлабочувањето на инклузивниот процес, особено на подобреното вклучување на децата со посебни образовни програми во предметна настава. Основата на ова подобрување лежи во поголемата и поквалитетна вклученост на родителите како во планирањата така и во реализацијата на наставата. За квалитетот на соработката со родителите допринесе и работата на Семејното советувалиште. Ова Советувалиште работи повеќе години, но изминатата учебна година родителите покажаа особен интерес да се вклучат и да побараат помош. Сметаме дека инклузивниот процес во нашето училиште достигна ново, повисоко ниво, поради што сме исклучително горди, но идејата дека можеме и повеќе и подобро не мотивира да и следната учебна година инклузијата биде еден од нашите приоритети и да ја подигнеме на уште повисоко ниво. Дополнителната настава се одвиваше редовно во рамките на распоредот на часови, а и во соработка со родителите и даде добри резултати во правец на подобрување на успехот на учениците кои послабо напредуваа. Секциите по одделни предмети работеа преку целата учебна година преку кои учениците беа подготвувани за учество на натпревари и конкурси и го надоградуваа своето знаење стекнато во редовната настава и го промовираа училиштето. За вреднување на знаењата на учениците наставниците го применуваа формативното и сумативното оценување зависно од периодот во наставната година со што постигнавме напредок, но останува фактот дека оваа учебна година треба да се залагаме за уште подоследна примена на формативното оценување особено во транспарентноста и очекуваните исходи.

Училиштето учествуваше во сите активности од спортско рекреативен и општествено хуманитарен карактер, натпревари во знаење, конкурси и манифестации кои ги организираше училиштето, нашата општина, градот и Републиката. Се изведоа неколку екскурзии низ Републиката согласно Програмата на училиштето и Правилникот за екскурзии. Во учебната 2018/19 во училиштето се спроведе Интегрална евалуација од страна на Државниот Просветен Инспекторат на која училиштето беше оценето со оцена 2.87 (добро)

Оваа учебна година нашата активност ќе продолжи во правец на реализирање на приоритетите, а со цел подобрување на успехот на учениците, јакнење на социјализацискиот аспект и личноста на ученикот. Целта на нашето училиште е од година во година да ги подобруваме и модернизираме условите за работа и воспитно-образовната работа, со цел ученикот да усвои знаења, да ги развива способностите и вештините потребни за продолжување на школувањето и да ги продлабочи и прошири знаењата во функција на нивна практична примена, односно да се оспособи да го примени стекнатото знаење во разни области. Настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетно реализирање на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигањата на учениците и да го отвораме училиштето кон локалната средина и кон разни институтции и организации. Со годишната програма за работа направен е обид да се разработат и конкретизираат воспитно-образовните задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати.

## 2. Лична карта на училиштето

– ***Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | **Општинско Основно Училиште ,,Ѓорѓија Пулевски,,** |
| адреса, општина, место | **бул. Јане Сандански бр 27 А**, **општина Аеродром, Скопје** |
| телефон | 02/2444-415 |
| е-маил | gpulevski@yahoo.com |
| основано од | Општина Аеродром, Скопје |
| Верификација- број на актот | Акт бр.15-2420/2 од 13-12-1985 год. |
| Година на верификација | 1985 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 1985 |
| Тип на градба | Цврста |
| Површена на објектот | 4.973 m2 |
| Површина на училшниот двор | 9354 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1250 m2 |
| Училиштето работи во смена | Училиштето работи во две смени |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 37 |
| Број на смени | 2 |
| Статус на Еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво) | Зелено знаме |
| Датум на добиен статус | 26.12.2015 |

## - *Просторни услови за работа на училиштето*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Училишен Двор** | 9 354 m2 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 14 327 m2 |
| **Нето површина** | 4 973 m2 |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 28 |
| **Број на помошни простории** | 16 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |

## – *материјално- технички услови*

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | Во училиштето за спроведување на ИКТ наставата во фукнкција се 25 персонални компјутери -работни единици распоредени во училница која што е наменета за реализација на часовите по информатика и работа со копјутери за одделенска настава. Поради неодостаток на просторни капацитети останатите песонални копјутери не се распоредени.Наставниците се задолжени со 55 мали лап топ копмпутери кои што се користат за реализација на ИКТ наставата во одделенска настава.Во 14 училници има персонални коппјутери за реализација на ИКТ настава. На располагање за ИКТ наставата има :7 LCD Проектора 1 фиксен во компјутерската училница, по еден LCD на секој одговорен на актив од прво до петто оделение.1 Смарт табла- таблата е поставена во копјутерската училница,3 CD Players,13 принтера – кои се поделени по активи,2 фотокопир,2 DVD Player,3 дигитална камера,1 Flip камера и1 микроскоп. Училиштето располага и со училишна библиотека која има 10 205 библиотечен фонд книги<br><br>Санитарните чворови во целото училиште за на просечно ниво, подовите во целото училиште се на задоволително ниво, хемиски се третирани поголемиот број на училници, ходници, холот на училиштето и филскутурната сала. Од оваа учебна година, училиштето ќе има и лифт кој е наменет за ученици со физички пречки. Лифтот е донација од Американската Амбасада. Санирани се сите олуците на училиштето и извршена е санација на училишниот кров.<br>Наставнитете средства и помагала не ја задоволуваа потребата во целост за изведување на теоретската настава. Ваквата состојба делумно се должи на тоа што во училиштето опремата е амортизирана. Како резултат на тоа предложени се потреби за набавка на дел на нагледни средства по речиси сите предмети, кои се планирани во текот на наставната година да се набават по однапред изработен план. |

***Мапа на училиштето - план на просториите*:**





***структура на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор** | Марија Минова (наставник)-Претседател, Маја Серафимовска (наставник), Кристна Костиќ (наставник), Светислав Стефановиќ - родител, Борче Николовски - родител, Вети Георѓиевска - родител, Тони Костовски – основач, Валентина Младенова – основач, Влатко Серафимовски - МОН |
| **Членови на совет на родители** | Членовите на советот на родители се менува секоја година и новите членови ќе ги знаеме на средината на септември по одржување на состанокот на советот на родители. |
| **Стручни активи** | Актив на одделенска настава- Добрила Илијоска Дукоска, Актив на предметна настава- Билјана Тримчевска; Актив на општествено-јазична група предмети- Марија Тодоровска; Актив на природно-математичка група предмети - Кристина Костиќ, Актив на уметничка група предмети- Александар Филипчев. |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Совет на одделенска настава 32 наставник,<br>Совет на предметна настава 37 |
| **Членови на ученичка заедница (број на ученици)** | 24 ученика од 6-9 одделение |

***Наставен кадар***

| Одд. | вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 84 | 8 | 74 | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| Број на наставен кадар | 69 | 7 | 62 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 4 | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Техничка служба | 9 | 1 | 7 | / | / | / | /. | / | / | 1 | / |
| В.Д. Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

**Степен на образование на вработени**

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 74 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 9 |

**Старосна структура на вработени**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 20 |
| 41-50 | 22 |
| 51-60 | 20 |
| 61 - пензија | 9 |

***Ученици***

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 4 (продолжен престој ) | 108 | 54 | 54 | / | / | / | / | / | / | / | |
| II | 4 (продолжен престој ) | 119 | 66 | 53 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| III | 4 (од нив 3 со продолжен престој) | 102 | 46 | 56 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | 5 | 127 | 66 | 61 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| V | 4 | 124 | 60 | 64 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I - V | 21 | 580 | 292 | 288 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI | 4 | 108 | 59 | 45 | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 |
| VII | 4 | 94 | 47 | 45 | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| VIII | 4 | 108 | 51 | 57 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IX | 4 | 104 | 47 | 57 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI - IX | 16 | 414 | 204 | 202 | / | / | / | / | / | / | 4 | 2 |
| I - IX | 37 | 994 | 496 | 492 | / | / | / | / | / | / | 4 | 2 |

***Наставен јазик***

| | Наставен јазик-македонски | Наставен јазик-албански | Наставен јазик-турски | Наставен јазик-српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 37 | / | / | / |
| Број на ученици | 994 | / | / | / |
| Број на наставници | 69 | / | / | / |

## 3. Мисија и визија

***МОТО НА УЧИЛИШТЕТО:***

**„ Успех за сите“**

**м и с и ј а**

**Создавање на позитивно опкружување кое поддржува самостојност, самодоверба и истрајност, ја поттикнува креативноста и соработката.**

**в и з и ј а**

**Работиме на поврзување на сите чинители во единствен синџир на грижа за детето, семејството и опкружувањето, со цел секое дете да има еднакви шанси да ги развие своите способности потребни успешно да се носи со предизвиците како личност, професионалец, граѓанин**

## 4. “Lessons Learned”- Веќе научено/ Стекнати искуства

Со низа интервенции направени последните години направени се значителни пододобрувања на условите за работа во училиштето и тоа со помош на реновирањето на фискултурната сала, тоалетите, целосно заменети и реновирани подови, реконструкција на кровот, прозорите, варосување, набавка на клупи столчиња во целото училиште така внатре во училниците се создадени услови за пријатна атмосвера за работа и учење. Исто така преградени се делови од коридорите (еден на приземје како донација од родител, другиот на спрат), нов кабинет по информатика, во функција на подобрување на условите за работа на училиштето. Во делот на инклузијата треба да се продлабочат активностите и да се стави акцент на квалитетот на вклучувањето.

## 5. Подрачја на промени, приоритети и цели

- **Модернизација на просторните услови за работа**
- **Модернизација на наставните нагледни средства и помагала во наставата**
- **Подобрување на користењето на наставни методи и техники во наставата**
- **Подобрување на работата на одделенските раководители**
- **Подобрување на квалитетот на вклучување на децата со ПОП**

- Целта на <u>првиот приоритет</u> е подобрување на просторните услови за работа.
- Целта на <u>вториот приоритет</u> е подобрување на квалитетот на учење и подучување
- Целта на <u>третиот приоритет</u> е подобрување на квалитетот на наставата со примена на наставни методи и техники во функција на реализација на активна настава преку реализација на работилници за наставници и посети на часови.
- Целта на <u>четвртиот приоритет</u> е подобрување на квалитетот на ракововодење на паралелките од страна на наставниците преку посета на обуки, семинари и друг вид на предавања
- Целта на <u>петиот приоритет</u> е подобрување на квалитетот на Инклузијата, преку реализација на работилници за Модул 1,2,3 од Инклузијата, изработка на студија на случај за секое дете со ПОП, соработка и вклучување на родителите во воспитно образовниот процес.

## 6. Акциски планови

| Година 2019/2020 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **(ресурс)** | **инструменти** | **Очек. резултати** | **Одговорно лице** | **✓ x** | **Буџет** |
| Набавка на модерни наставни средства | Нови современи средства | | | | | | | | | | | | | Директор | Сопствени и финансии | Видливи промени | Нови нагледн средства | Директор УО | | 35.000,00 ден |
| Раб. за примена на наставни методи | Работилница | | | | | | | | | | | | | Стручна служба | Посета на часови | Инструмент за следење | Подобрена примана на методи | Тим Директор | | 2 500,00 ден |
| Подобрување на работата на одделен. Раков. | Работилници за наставници | | | | | | | | | | | | | Стручна служба | Обука за наставници | ПП презентација, вежби | Подобрена работата на одделенските раков. | Инклузивни от тим Директор | | 2 500,00 ден |

## 7. План за евалуација на акциските планови

| Акциски План | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успех | Одговорен за следење | Повратна Информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на модерни наставни средства | Врз основа на потребите и барањата на наставниците | Анкета, посета на часови | Набавени нагледни средства и нивна примена | Директор, Весна Јосифовска, Маја Среафимовска | Интервју, Поддржувачки документи |
| Работилница. за примена на наставни методи | Во настават се применуваат разновидни наставни методи и техники | Анкета, инструменти за следење на часови, интервјуа | Примена на активна настава | Билјана Николоска Психолог, Ирина Николоска Педагог, Весна Вукелиќ Дефектолог Елизабета Петровиќ | Анкета, Листа на учесници, |
| Подобрување на работата на одделенските Раководители | Евикасна работа на одделенските раководители | Анкета за учениците и родителите, инструменти за следење на одделенските часови, | Намален број на ученици со несоодветно однесување | Билјана Николоска Психолог, Ирина Николоска Педагог, Весна Вукелиќ Дефектолог Елизабета Петровиќ | Анкета, Листа на учесници, |

## 8. Календар за работа

**ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ**

- 09 септември – 8 септември (недела), Ден на независноста,
- 11 октомври – Ден на народно востание
- 23 октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- 09 декември – 8 декември (недела) Св. Климент Охридски
- **01 јануари – Нова година**
- 07 јануари – Божиќ- прв ден
- 20 април – Втор ден Велигден
- 01 мај – Ден на трудот
- 24 мај – Ден на словенските просветители и Рамазан Бајрам
- **06 Мај Одбележување на Патронен празник**

**01 јануари до 20 јануари – Зимски распуст**

**Верски празници**

- 06 јануари – Бадник  ден пред Божиќ
- 19 јануари –Богојавление Водици
- 17 април – Велики петок
- 05 јуни – Духовден
- 28 август – Голема Богородица

Прво полугодие = 82 наставни дена
Второ полугодие = 98 наставни дена
**Вкупно = 180**

### 8.1 Еколошки Календар

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Ајде Македонија- ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Македонија | |

## 9. Настава

- ***Вид на настава***

Според Законот за основно образование, Концепција за деветгодишно образование и Наставните планови и програми изготвени од страна на Бирото за развој на образованието, наставата во оваа учебна година ќе се остварува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Наставниот план и програми во основното училиште ќе се изработуваат според трите воспитно-образовни периоди и тоа: од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение. Согласно овие програмски документи дејноста на училиштето ќе се остварува според следниве воспитно- образовни подрачја- Настава по задолжителни предмети, Настава по изборни предмети, Дополнителна настава, Додатна настава, Воннаставни активности (работа со деца со потешкотии во учењето, работа со надарени и талентирани ученици, употреба на ИКТ во наставата Целосна разработка на содржината и организацијата на воспитно- образовната работа во рамките на овие подрачја се прави во посебни програми што се однесуваат за работата на одделни стручни органи и тела. Тие програми во прилог на оваа програма.

- ***Организација на задолжителна настава***

Задолжителната настава ќе се реализира во две смени, а учениците ќе бидат распределени по одделенија. Наставата ќе започнува во 7,30 часот наутро, а завршува во 17,35 Секој час трае 40 минути. После вториот час има голем одмор во траење од 15 минути, а останатите одмори меѓу часовите се по 5 минути. Во нашето училиште се изучуваат два странски јазика, англискиот од прво одделение, а францускиот почнува да се изучува од шесто одделение. Три паралелки од седмо одделение го изучуваат германскиот јазик.
На часот на одделенска заедница ќе се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програмата Образование за животни вештини.
За учениците кои имаат недолично однесување и поголем број на отсуства ќе се организираат советувања за родители, старатели.
Нашето училиште располага со соодветен наставен кадар кој ги задоволува сите потребни квалификации, каде преовладува високо образуван и стручен наставен потенцијал.
Распоредот на часови, како и распоредот на часови за дополнителна и додатна настава, ќе бидат истакнати на видно место во училиштето и ќе се додадат како анекс на годишната програма на почетокот на учебната година, најдоцна до 15ти септември. Исто така, ќе биде изработен и истакнат и распоред за дежурство на наставници.

- ***Изборна настава***

Со изборните предмети во основното училиште на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна, а ќе ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направена анкета .

Во училиштето се организира изборна настава од следните подрачја: Проекти од ликовна уметност; Проекти од музичка уметност; Вештини за живеење; Спорт; Класична култура во европската цивилизација; Етика на религиите; Преокти од информатка, Унапредување на здравјето; Проекти од ТО.

- ***Дополнителна настава :***

Дополнителна настава ќе се организира со цел да се подобрат резултатите кај оние ученици кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена помош во текот на наставната година. Дополнително, најдоцна до 15ти септември, согласно распоредот за учебната 2019/20 година ќе биде изработен и распоред за дополнителна настава по одделни предмети.

- ***Додатна настава***:

Додатна настава ја изведуваат одделенските и предметните наставници кои предаваат во паралелката и истата се изведува со талентирани ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети. Дополнително, најдоцна до 15ти септември, согласно распоредот за учебната 2019/20 година ќе биде изработен и распоред за додатна настава по одделни предмети.

- ***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани***

Во соработка со Стручната служба, наставниците во текот на учебната година ќе ги следат учениците и со помош на инструменти за идентификување на надарени ученици, ќе ги откриваат истите. Потоа наставниците ќе работат со тие ученици на часовите по додатна настава и воннаставни активности, како и на подготовка на тие ученици за натпревари од конкретниот наставен предмет и во зависност од интересот на учениците. Во текот на оваа учебна година училиштето ќе изработи програми за работа со надарени и талентирани ученици, која ќе опфати време на реализација, наставници, стручни соработници и други субјекти кои ќе бидат одговорни за реализација на тие програми.

- ***Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби***

**Општа цел:** Подобрување на квалитетот на животот на децата-ученици со потешкотии и поттикнување на развој на сите деца во ,,Училиштето по мерка на детето,,

За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети ќе се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби. Во соработка со дефектологот од училиштето, наставниците ќе идентификуваат деца со посебни образовни потреби. Потоа наставниците изработуваат прилагодени програми, каде се предвидени и опфатени времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот и наставниците кои се вклучени. Исто така наставниците ќе водат и посебна рамка за следење на тие ученици.

Во училиштето ќе продолжи да работи и Инклузивниот тим: Ана Стамболиска – в.д. Директор, Весна Вукелиќ – специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, Билјана Николоска – психолог, Елизабета Петровиќ – национален обучувач за инклизија – одделенски наставник, Маја Серафимовска – наставник по англиски јазик, Тања Хаџиманова - родител и Слободан Здравковиќ – родител.

– ***Проекти кои се реализираат во училиштето***

***Поврзување на еколошката програма со редовната настава*** - Во Република Македонија се спроведува Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ како поддршка на општата насоченост на државите во светот за заштита и унапредување на животната средина. За таа цел, младата популација денес треба ги преземе правата и обврските на идните генерации за светот да има иднина и да допринесе во заштитата и унапредувањето на животната средина и човековото здравје. Во основното образование се врши интеграција на еколошки содржини од девет еколошки теми во секој наставен предмет во соодветна година. Со тоа, постоечките предмети се збогатуваат со еколошки едукативни содржини. Така учениците се стекнуваат со применливи знаења потребни во секојдневниот живот, се развива свеста кај учениците и одговорноста за своите постапки кон непосредната животна околина и кон природата воопшто, се поттикнува и развива почитта и грижата за другите како и одговорноста кон општеството, се развива свест за унапредување на здравиот начин на живеење и преземање одговорност за сопственото здравје, свест и насоченост кон заштитата на животната средина и заштитата на биодиверзитетот.

– ***Употреба на ИКТ во наставата***

Секој наставник од одделенска и предметна настава планира часови со примена на ИКТ во наставата кои се вклучени во годишните, индивидуалните планови по предмети, оддделенија и паралелки, а ќе бидат приложени во анекс програма. (План –распоред за употреба на ИКТ во наставата за секој наставник по месец.)

## 10.Оценување

- ***Видови оценување и календар на оценување***

-Учениците од I до III одделение по задолжителните предмети ќе се оценуваат описно во текот на целата учебна година (тримесечие,полугодие и на крајот на учебната година 2019/2020). Учениците од IV до VI по задолжителните и изборните предмети ќе се оценуваат комбинирано, значи на тримесецијата ќе добиваат описна оценка, а на полугодие и крајот на учебната година ќе се оценуваат бројчано. Учениците од VII до IX по задолжителните и изборните предмети ќе бидат оценувани со бројчани оценки во текот на учебната година.

Родителите и учениците ќе бидат известени за успехот и постигнувањата со евидентен лист за тримесечие и полугодие и свидетелство на крајот на учебната година со исклучиво бројчана оценка по сите предмети.

- ***Тим за следење, анализа и поддршка:***

  Тимот за следење и анализа во оваа учебна година 2019/20 ќе биде составен од Директоерот на училиштето и Стручните соработници во ООУ,,Ѓорѓија Пулевски,,

- ***Само- евалвација на училиштето***

  Училиштето изработи Само-евалуација за периодот 2018-2020. Во Само-евалуација на училиштето,  учествуваа целиот наставен кадар, стручната служба , директорот и административната служба. Само-евалуацијата се прави со цел да се елиминираат слабите страни на работата на училиштето што се добиени по пат на анализа на претходната самоевалуација, а да се зајакнуваат позитивните придобивки и да се јакне добарата стана на работата на училиштето, а се во насока на исполнување на визијата на нашето училиште.

## Вон- наставни активности

Училишниот спорт во ООУ,,Ѓорѓија Пулевски,, Аеродром е во подем и учениците покажуваат голем интерес посебнио за следниве спортови: ракомет, фудбал, одбојка и кошарка.

| Ред. бр | Секција | Одговорни наставници |
|---|---|---|
| 1 | Млади математичари | Даниела Василевска, Милена Митевска, Билјана Стојановска, , Слаѓана Настовска |
| 2 | Млади физичари | Љубинка Стојановска |
| 3 | Млади хемичари | Фотинула Димчевска |
| 4 | Љубители на странски јазици | Љубица Цинциевска, Габриела Ѓурчиновска, Пенка Неделкова, Елена Симоновска, Маја Серафимовска, Љупка Наскова, Теодора Божиновска, Душица Димитровска, Јасмина Илиева |
| 5 | Млади биолози | Кристина Костиќ, Сузана Тасевска |
| 6 | Млади географичари | Виолета Каркинска |
| 7 | Млади историчари | Тодор Ефремов, Љупчо Дамчевски |
| 8 | Против пожарна заштита | Фотинула Димчевска |
| 9 | Литературна, Рецитаторска | Ана Стамболиска |
| 10 | Драмска секција | Верка Ангелова |
| 11 | Хор | Весна Симјановска |
| 12 | Оркестар | Снежана Алушевска Котевска |
| 13 | Ликовна уметност | Наташа Станковска<br>Зафировска |
| 14 | Библиотекарска | Весна Јосифовска |
| 15 | ПМП (прва медицинска помош) | Кристина Костиќ |
| 16. | Млади спортисти | Гоце Кузев, Александар Филипчев, Марјан Лукаревски |

- ***Ученички натпревари:***

Во текот на оваа учебна година во Училиштето ќе се организираат меѓуоддленски натправи по сите предмети на ниво на училиште со што се развива соработката помеѓу учениците . Исто така најдобрите ученици ќе земат учетсво на општинските, реонските, градските и државните натпревари каде учениците ќе ги покажат своите вистински знаења. Сите активности каде се вклучени ученици ќе бидат реализирани со согласност на родителите.

- ***Општествено хуманитарна работа:***

Во текот на оваа година како и до сега училиштето ќе организира училишни базари, ќе се уредува училишниот хол во текот на целата година, ќе се организира донаци и продажби на книги и др.

## 11.Поддршка на ученици

***- Постигнување на учениците:***

Постигањата на учениците се составен дел на извештаите за успех кои редовно се следат и се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати по паралелки и години ќе ја прави стручната служба и оттаму ќе произлезат идните конкретни активности. Таа ќе ги реализира и активностите поврзани со професионалната ориентација на учениците.

*Активности за сите ученици* Се прилагодуваат физичките услови во училиштето на потребите на учениците од аспект на пристапноста на училиштето, опременоста на училниците со соодветен инвентар, соодветен тоалет и сл. Исто така, континуирано ќе продолжи соработката на училиштето со родителите, со ресурсните центри и другите релевантни институции и организации во обезбедувањето на грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост и од социјално ранливите групи, како и за обезбедување на материјални средства за да им помогнат на учениците од социјално загрозени семејства.

*Учениците ќе добиваат поддршка во учењето* Училиштето има Инклузивен тим за идентификување, прифаќање и помагање на учениците со посебни образовни потреби, што ќе овозможи нивно учество во воспитно-образовниот процес и постигнување резултати. Исто така, училиштето ќе применува форми на работа кои поттикнуваат развој на соработка и комуникација помеѓу учениците.
*Обезбедување средства и материјали за инклузивно образование* Училиштето ќе обезбедува асистивна технологија за учениците со пречки во развојот. Учениците со посебни образовни потреби ќе можат да позајмуваат наставни средства (игри, книги, образовен софтвер) за учење дома.

*Воспитно-образовниот кадар ќе се обучува за инклузивно образование* Од аспект на воспитно-образовниот кадар како ресурс, преку работилници организирани од ИТ ќе се подобрува обученоста/подготвеноста на наставниците за идентификација и работа со ученици со посебни образовни потреби. Ќе се користи асистивна технологија. Континуирано ќе се соработува со дефектологот при изготвување ИОП и работата со учениците.

- ***Превентивни програми***

Ќе продолжиме со спроведување на програмите за превенција на насилно однесување во училиштето, превенција на трговија со луѓе ,болести на зависност и сексуално преносливи болести , во рамките на одделенските часови, а со помош на стручната служба и други стручни лица. Ќе се реализираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, со вклучување на надлежни институции и експерти за определените области на дејствување. Во активностите надвор од училиштето(при посети на институции, објекти, знаменитости), ќе ги вклучиме и родителите преку Советот на родители.

- ***Безбедност во училиштето***:

На почетокот на учебната година на учениците ќе им се презентира Планот за евакуација на училиштето во случај на незгода. Учениците ќе бидат запознати со планот на одделенските часови.

- ***Позитивна социо-емоционална клима***

Подигањето на свесноста за сопственото функционирање и функционирањето на другите субјекти во училиштето и континуираната соработка на сите чинители во воспитно-образовниот процес, ќе придонесе за позитивна социо-емоционална клима. Во тој правец, инклузивниот тим ќе изготви програма, ќе изработи акционен план, како и финансов план за реализирање активности и работилници како анекс на Годишната програма за учебната 2019/20 год.

И оваа учебна година ќе биде реализиран проектот ,,Инклузивно училиште“. Оваа година во соработка со Општина Аеродром е предвидено да се ангажираат лични и образовни асистенти кои што ќе пружат дополнителна помош.Преку предвидените активности прво ќе бидат детектирани посебните образовни потреби на учениците со потешкотии во учењето. Континуирано ќе се поттикнува нивно присуство, учество и постигнување во воспитно-образовниот процес. На тој начин ќе биде реализирана целта – (по)инклузивно училиште. Ќе продолжи со работа и училишното семејно советувалиште.

## 12.Грижа за здравјето

***- Хигиена во училиштето***

За хигиената во училиштето ќе биде задолжен техничкиот персонал од училиштето, но вклучени ќе бидат и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро ќе се постигне со реализација на вонnаставните активности поврзани со оваа тема.

***-Систематски прегледи***

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од прво, трето и седмо одделение. Учениците од одделенска настава на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители додека пак учениците од предметна настава ќе бидат придружувани од наставник кој во тој момент е слободен или од стручната служба, сè со цел наставата да се одвива непречено.

***-Вакцинирање***

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од прво, второ, шесто и осмо одделение. Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во поликлиника “Јане Сандански” Аеродром, а за сето тоа училишниот педагог ќе води евиденција.

***-Едукација за здрава исхрана***

Едукација за здрава исхрана ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област на часовите за одделенска заедница. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по животни вештини и унапредување на здравјето, но секако тука можат да се вклучат и останатите наставници.

## 13.Училишна клима и односи во училиштето

***Дисциплина:*** Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведува до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. Вратите на училиштето се отвараат во 6 часот наутро и се затвараат во 21 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и  на огласната табла на училиштето по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска. Покрај дежурните наставници ќе биде вклучено и обезбедувањето кое ќе биде избрано од страна на Општина Аеродром кое ќе врши идентификување на посетителите кои влегуваат во училиштето и при тоа ќе се води писмена евиденција на посетите во училиптето.

***Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***: Нашето училиште ќе се грижи за естетскиот и функционалниот изглед на училиштето. Секој наставник пред својата училница ќе уредува пано според потребите на наставните содржини. Содржините на истакнатите изработки на учениците и наставниците ќе бидат од различни области меѓу кои ќе има содржини од мултикултурата со што ќе го изразиме мултикултурниот карактер на нашата држава со цел запознавање и зајакнување на меѓуетничките односи. Останатите ѕидови и холот ќе го уредуваат ученици од ликовната и литературната секција под раководство на нивните наставници.

***Етички кодекси:*** Непосредно пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени под некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите ќе го изготвиме кодексот на однесување. И оваа учебна година согласно Кодексот на облекување задолжително е носење на ученичка униформа  која е обезбедена  од општината Аеродром. Учениците ќе носат униформи со амблемот на нашето училиште. Кодексот во себе ќе ги опфати правилата на однесување на персоналот, учениците и родителите. Тој ќе биде истакнат на видни места  ( во наставничка канцеларија и училниците) и со него ќе бидат запознаени сите инволвирани. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки. Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме да се однесуваме.

- ***Мулти- културализам***

Ја продлабочуваме соработката за спортскиот БОН-ТОН и ќе учествуваме во сите активности. Училиштето оваа учебна година ќе соработува со основно училиште од град Скопје каде што учат ученици од различни националности. Оваа учебна година по препорака од Интегралната евалуација ООУ,,Ѓорѓија Пулевски,,- Аеродром, ќе воспостави соработка со училиште од друга националност за реализирање на активности од МИО проектот и зголемување на содржини за меѓуетничка интеграција во предметна настава.

- ***Односи меѓу сите структури***

За подобрување и зајакнување на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка од страна на стручната служба ќе се организираат работилници од кои ќе се утврди степенот на задоволство од меѓучовечките односи на вработените. Потоа ќе следува изработка на програма во која ќе бидат вклучени екскурзии на вработените, прослави и други начини на дружење.

- ***Еколошки активности***

Како дел од еколошката програма за интеграција на еколошки содржини, во училиштето се организираат еколошки акции и кампањи со цел да се подигне еколошката свест не само кај учениците туку и пошироко, кај родителите и локалното население.

Во нашето училиште, како поддршка на националните еко-кампањи, се планираат еколошките кампањи под наслов: **“Здрава храна за детство без мана“, “Хартија се збира за да се рециклира“, “Да ја заштитиме планетата Земја“, Секогаш кога можам на велосипед се возам. Освен овие кампањи, нашето училиште ќе ги поддржи, одбележи** и спроведе на најразличен начин еколошките акции според Светскиот еколошки календар, согласно можностите за изведување на истите.Националната еколошка акција “Ден на дрвото“, како и секоја година, ќе биде масовно поддржана од нашите ученици од повисоките одделенија. И оваа учебна година континуирано ќе се спроведува акцијата за собирање на стара хартија, но и акцијата за собирање на пластиката.

Врз основа на добиените резултати од спроведената Анализа на состојбата на животната средина, во училиштето се планираат низа еколошки активности кои ќе водат кон подобрување на состојбата на животната средина. Овие планирани активности содржат точки на акција од еко-стандардите, со временски рокови и начин на нивна реализација, одговорните лица и планираните потребни средства.

ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија

Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија.

Цели: Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во споредба со претходната година.

ЕКО-СТАНДАРД 2. Заштеда на вода

Полиса: Рационално користење на водата.

Цели: Намалување на потрошувачката на вода за 10% во споредба со претходната година.

ЕКО-СТАНДАРД 3. Одржување на зградата и здрава внатрешна средина

Полиса: Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.

Цели: Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето и градинката.

ЕКО-СТАНДАРД 4. Уреден и еколошки двор

Полиса: Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина.

Цели: Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои престојуваат во училиштето и градинкат.

## 14. Професионален развој на образовниот кадар

- ***Детектирање на потребите и приоритетите и активности за професионален развој***

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анализа за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки.

- ***Активности за професионален развој***

Од спроведената анкета/анализа, наставниците имаат потреба од обуки за изготвување правилна педагошка евиденција и документација, насоки за изготвување на програма за нов развоен план на училиштето, помош и насоки за работа со ученици со потешкотии во учењето:- дислексија,дисграфија , дискалулија.

- ***Личен професионален развој***

Тимот за професионален развој на образовниот кадар се обидува да ги мотивира наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување (интерно и преку екстерното оценување на учениците) следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Исто така планирани се обуки на наставници и наставници почетници и вработените од еколошката програма. Стручната служба во текот на учебната 2019/20 година како дел од својата годишна програма ќе спроведе повеќе работилници на различни теми кои ќе произлезат од потребите на наставниот кадар.

- ***Хоризонтално учење***

Во училиштето се планираат различити видови на организирање и пренесување на знаењата особено се води грижа за почетниците и помладите колеги преку размена на професионално искуство, преку професионалните стручни активи и активи на групи или генерација, оранизирани се неделни и месечни средби за размена на искуства и изработка на планирања, наставни часови, организирање на отворени часови, работилници на кои можат да бидат поканети наставници од активот.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Подобрување и поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците предвидени се повеќе кодекси на однесување во училиштето како на состаноците така и со взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и интернализација на ВИП – компетенции, да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

***Тимска работа и училишна клима***

Подобрување и поттикнување на попродуктивна соработка помеѓу наставниците предвидени се повеќе кодекси на однесување во училиштето како на состаноците така и со взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации, отворена комуникација и интернализација на ВИП – компетенции, да се почитува мислењето на секој поединец, да се биде критичен и самокритичен.

## 15. Вклученост на семејствата во училиштето

- ***Во животот и работата на училиштето*** Во училиштето континуирано ќе функционира Совет на родители кој ќе биде составен од еден член (родител) од секоја паралелка, и ќе има изготвена програма за работа од страна на Претседателот на Советот на родители. Оваа програма е предвидена со цел родителите поорганизирано да делуваат во доменот на потребите на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на одлуки и решенија во интерес на подобрување на наставата во училиштето, организирање и усвојување на распоред за средби со родители, организирање на екскурзии и др. Овој Совет ќе заседава еднаш месечно со претходно изготвен дневен ред.

- ***Во процесот на учење*** Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини: преку Советот на родители, преку групни и индивидуални средби со наставници,преку стручната служба на училиштето, преку Е-дневникот

Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

- ***Во активностите во училиштето:*** Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од стана на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

- ***Во донесување одлуки***: Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, фотографирање на учениците, осигурувње на учениците, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

- ***Едукација на семејството:*** Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

- ***Изработка на брошура за родители:*** Со формирање на тим од родители, наставници и стручна служба се изработи брошура за родители, која родителите ја добиваат при упис на своите првачиња. Тие ќе имаат можност повеќе инфорамции за работатат и активностите на училиштето да добиваат преку социјалните мрежи и интернет страната на училиштето.

## 16.**Комуникација со јавноста и промоција на училиштето**

***Локална заедница***: Соработка со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализација на активности, кои истата ќе ги понуди. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница. Соработка со Полициска станица Лисиче, преку проект за правна социјализација и правна едукација на учениците.Училиштето има отворена соработка со бизнис секторот во општината, со повеќе мали и средни претпријатија, преку проектот за претприемништво. Соработка со месно население во еколошки проекти на училиштето и Општината. Учество во хуманитарни акции и концерти на територија на Општина Аеродром.

***Институции од областа на културата:*** Според планот и годишната програма училиштето ги следи сите објавени конкурси и покани за натпревари и истите се доставуваат до одговорните наставници, кои ќе ги спроведат преку учество на учениците. Литературните и ликовните конкурси, посетата на културно-историски споменици, музеи, библиотеки и ликовни колонии ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенскиот наставник. Кино и театарски претстави ќе бидат организирани, исто така според потребите на наставата, со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници, соодветно на возраста на учениците. Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

***Институции од областа на образованието*** Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС-Сектор за основно образование и Секторот за основно образование како дел од општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации,доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл. Детските градинки во кругот на нашата населба, заради преземање ученици за прво одделение. Основните училишта од општината и пошироко заради размена на информации, искуства и заемна помош во работата. Средните училишта од општината и пошироко, особено каде што има запишано наши ученици, заради следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за запишување, одредени проблеми кај некои ученици и сл. Факултети заради стручно усовршување на наставниот кадар, советувања, организирање натпревари и семинари. Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

***Невладини организации :*** Соработката со НВО произлегува во текот на учебната година и според нивните програми, за што во текот на месец Септември ќе се договорат средбите според плановите на стручните активи.

***Спортски друштва:*** Училиштето ќе продолжи да соработува со разни спортски клубови, спортски институции, и спортски друштва (КК МЗТ Скопје, Хит енд Ран, и други спортски друштва)

***Здравствени организации*** Училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Поликлиника „Јане Сандански“, Меѓуопштински Центар за социјални работи на град Скопје, Завод за ментално здравје. Во текот на годината ќе се организираат и предавања според потребата, изведени од стручни лица, надворешни соработници, или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници од Црвениот Крст и одделенските и предметните наставници. Целта на ваквата едукација е проширување на знаењата на учениците и развивање на свеста за значењето на здравјето и водењето грижа за истото. Како и секоја година, така и оваа, училиштето ќе ја продолжи соработката со стоматолошката ординација на Поликлиниката „Јане Сандански“ и стоматолошката ординација „Д-р Нина“, со цел да се издигне самосвеста за оралното здравје.

***Медиуми*** (со цел на промоција на училиштето)***:***

Целта  на соработката со медиумите е промоција на училиштето и се предвидува соработка со МТВ - „Голем одмор", Сител ТВ-активности од областа на спортот, културата и претприемништво. Училиштето располага со училишни флаери за постигнување успеси, упис на првачиња, училишен весник итн, кои се даваат на родителите, на сите првачиња кои се запиушуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени медиум.

## ПРИЛОЗИ

1. Годишна програма за работата на директорот
2. Годишна програма за работата на психологот
3. Годишна програма за работата на педагогот
4. Годишна програма за работата на дефектологот
5. Годишна програма за работата на библиотекарот
6. Годишна програма за работата на Училишниот одбор
7. Годишна програма за работата на Советот на родители
8. Годишна програма за работата на Наставничкиот совет
9. Годишна програма за рабоата на стручните активи
10. Годишна програма за работата на хор и оркестар
11. Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето  и акциски истражувања
12. Програма за само-евалуација на училиштето
13. Програма за заштита и спасување
14. Програма за екскурзии
15. Програма за ученички натпревари
16. Програма за општествено хуманитарна работа
17. Програма за ученички парламент
18. Програма за соработка со локалната самоуправа и средина
19. Програма за грижа за здравјето
20. Програма за јавна и културна дејност
21. Програма за еколошка едукација
22. Програма за работа на инклузивниот тим
23. Програма за работа со деца со емоционални потешкотии
24. Програма за работа со деца со потешкотии во учењето
25. Програма за превенција од насилство
26. Програма за професионална ориентација на учениците
27. Програма за професионален развој
28. Програма за водење на Наставничко Портфолио
29. Програма за Педагошка евиденција и документација
30. Програма за следење и вреднување
31. Оценување на постигањата на учениците
32. Програма за Антикорупциска едукација на учениците

Прилози од Програмата „**Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија**“

| |
|---|
| Изработка на упатства за рационално користење на енергија |
| Замена и санирање на сите нефункционални чешми |
| Изработка на упатства за рационално користење на вода |
| Анализа на состојбата |
| Одржување на зградата и здрава околина во училиштето |
| Садење на саксиско цвеќе, |
| Организирање на акции за чистење на дворот |
| Анализа за состојбата за одпадот во дворот |
| Собирање на одпадот |
| Биодиврзитет |
| Кампања:Вози велосипед |
| Македонија без отпад |
| Ден на пешаците |
| Здрава храна |
| Акција: Ден на дрвото |
| Работилница: Рециклирање на хартија |
| Кампања: Ајде да заштедиме енергија |
| Кампања: Водата живот значи |
| Акција: Ден на здравјето |
| Акција: Еко-училница: |
| Акција: Одржлив развој |
| Акција: Еко-денови |

## Инструменти за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

| Година 2019/2020 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
| Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | □ x | Потребен буџет |
| Следење на ГП | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење, интервју, анкета | добро изработен и реализирана Г.П | Директор и УО | | 500 ден |
| Г.П на Директор | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење, интервју, анкета | добро изработен и реализирана Г.П | УО | | 500 ден |
| Г.П на педагогот | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Директор | | 500 ден |
| Г.П на психолого т | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Директор | | 500 ден |
| Г.П на дефектол ог | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Директор | | 500 ден |
| Г.П на библиотек арот | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Директор | | 500 ден |
| Училишни от одбор | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Опшината | | 500 ден |
| Советот на родители | | | | | | | | | | | | | Тим за следење | Човечки ресурси | Листа за следење | добро изработен и реализирана Г.П | Опшината | | 500 ден |

**Училишната програма ја изготви тимот**:

Ирина Николоска - Педагог

Билјана Николоска – Психолог

Весна Вукелиќ – Дефектолог

Елизабета Петровиќ – одделенски наставник

Маја Серафимовска – наставник по англиски јазик

**Потпис на в.д. Директорот на ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,,**

______________________________

***Ана Стамболиска***

**Датум Скопје,** *13.08.2019 год*

**Потпис на Претседател на училишен одбор на ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,,**

______________________________

***Марија Минова***